СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба	Четврток Октомври 2026 година Број 19/2026 год.	Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 4023005116486

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за давање Согласност за работа со помал број деца во воспитни групи во Јавна општинска установа за деца детска градинка ,,Ацо Караманов,, Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање Согласност за работа со помал број деца во воспитни групи во Јавна општинска установа за деца детска градинка ,,Ацо Караманов,, Радовиш, 08-1286/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 22.10.2026 година.

Број 09-1286/2 Градоначалник
Дата 22.10.2026 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 64 став 1, 2 и 5 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 27 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XXIV седница одржана на ден 22.10.2026 година, донесе:

О Д Л У К А
за давање Согласност за работа со помал број деца во воспитни групи во Јавна општинска установа за деца детска градинка ,,Ацо Караманов,, Радовиш

член 1

Се дава Согласност за работа со помал број деца во воспитни групи од јаслена возраст и воспитни групи од 2 до 6 години во Јавна општинска установа за деца детска градинка ,,Ацо Караманов,, Радовиш.

член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на општина Радовиш,, .

Образложение

Оваа Олука се донесува поради повремено намален број на деца за време на новогодишните празници и летните годишни одмори на семејствата во летниот период и затоа е потребно да се даде согласност за работа со помал број на деца во воспитни групи од јаслена возраст и воспитни групи од 2 до 6 години во Јавна општинска установа за деца детска градинка ,,Ацо Караманов,, Радовиш од бројот утврден во Законот за заштита на децата и Статутот на установата.

Број 08-1286/1Совет на општина Радовиш
Дата 22.10.2026 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за усвојување на Анекс на Годишна Програма за работата на ООУ„Крсте Петков Мисирков", Радовиш за учебната 2026-2027 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за усвојување на Анекс на Годишна Програма за работата на ООУ„Крсте Петков Мисирков", Радовиш за учебната 2026-2027 година, 08-1287/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 22.10.2026 година.

Број 09-1287/2 Градоначалник
Дата 22.10.2026 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002) а согласно член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XXIV седница одржана на ден 22.10.2026 година, донесе:

ОДЛУКА
за усвојување на Анекс на Годишна Програма за работата на ООУ„Крсте Петков Мисирков", Радовиш за учебната 2026-2027 година

Член 1

Со оваа Одлука Советот на општина Радовиш ја усвојува Анекс на Годишна Програма за работата на ООУ„Крсте Петков Мисирков", Радовиш за учебната 2026-2027 година бр.01-353/1 од 31.08.2026 година година, примена бр. 08-55/57 од 31.08.2026 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Радовиш„ .

Број 08-1287/1Совет на општина Радовиш
Дата 22.10.2026 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за усвојување на Анекс на Годишна Програма за работата на ООУ„Кирил и Методиј„ с.Ораовица, Радовиш за учебната 2026/2027 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за усвојување на Анекс на Годишна Програма за работата на ООУ,,Кирил и Методиј,, с.Ораовица, Радовиш за учебната 2026/2027 година, 08-1288/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 22.10.2026 година.

Број 09-1288/2 Градоначалник
Дата 22.10.2026 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) а согласно член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XXIV седница одржана на ден 22.10.2026 година, донесе:

ОДЛУКА
за усвојување на Анекс на Годишна Програма за работата на ООУ,,Кирил и Методиј,, с.Ораовица, Радовиш за учебната 2026/2027 година

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Радовиш ја усвојува Анекс на Годишна Програма за работата на ООУ,,Кирил и Методиј,, с.Ораовица, Радовиш за учебната 2026/2027 година бр.01-123/1 од 02.07.2026 година, заверка бр.03-124/6 од 16.09.2026 година, примено бр.14-95/20 од 16.09.2026 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Радовиш,, .

Број 08-1288/1Совет на општина Радовиш
Дата 22.10.2026 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за усвојување на Анекс на Годишна Програма на
ООУ ,,Орце Николов,, с.Ињево, Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за усвојување на Анекс на Годишна Програма на ООУ ,,Орце Николов,, с.Ињево, Радовиш, 08-1289/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 22.10.2026 година.

Број 09-1289/2 Градоначалник
Дата 22.10.2026 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) а согласно член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XXIV седница одржана на ден 22.10.2026 година, донесе:

ОДЛУКА
за усвојување на Анекс на Годишна Програма на
ООУ ,,Орце Николов,, с.Ињево, Радовиш

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Радовиш го усвојува Анексот на Годишна Програма на ООУ ,,Орце Николов,, с.Ињево, Радовиш бр.03-204/1 од 10.09.2026 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Радовиш,, .

Број 08-1289/1Совет на општина Радовиш
Дата 22.10.2026 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за усвојување на Анекс на Годишен програма за работата на ООУ,,Никола Карев,, Радовиш за учебната 2026/27 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за усвојување на Анекс на Годишен програма за работата на ООУ,,Никола Карев,, Радовиш за учебната 2026/27 година, 08-1290/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 22.10.2026 година.

Број 09-1290/2 Градоначалник
Дата 22.10.2026 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) а согласно член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XXIV седница одржана на ден 22.10.2026 година, донесе:

ОДЛУКА
за усвојување на Анекс на Годишен програма за работата на
ООУ,,Никола Карев,, Радовиш за учебната 2026/27 година

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Радовиш го усвојува Анексот на Годишен програма за работата на ООУ,,Никола Карев,, Радовиш за учебната 2026/27 година бр.01-481/13 од 28.09.2026 година, примено бр.08-70/43 од 24.08.2026 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Радовиш,, .

Број 08-1290/1Совет на општина Радовиш
Дата 22.10.2026 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за давање Позитивно мислење за отпочнување постапка за добивање Согласност од МОН за отварање паралелки со продолжен престој во ООУ„Никола Карев" Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање Позитивно мислење за отпочнување постапка за добивање Согласност од МОН за отварање паралелки со продолжен престој во ООУ„Никола Карев" Радовиш, 08-1291/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 22.10.2026 година.

Број 09-1291/2 Градоначалник
Дата 22.10.2026 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 40 од Закон за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19 и 229/20), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр. 05/02), член 21 од Статутот на општина Радовиш, Одлука донесена од Совет на родители за поднесување иницијатива за воведување продолжен престој во ООУ„Никола Карев" Радовиш бр.08-481/3 од 17.09.2026 година и Одлука донесена од Совет на родители за започнување постапка за воведување продолжен престој во ООУ„Никола Карев" Радовиш бр.08-481/11 од 18.09.2026 година

Советот на Општина Радовиш на XXIV седница одржана на ден 22.10.2026 година, донесе:

О Д Л У К А
за давање Позитивно мислење за отпочнување постапка за добивање Согласност од МОН за отварање паралелки со продолжен престој во ООУ„Никола Карев" Радовиш

Член 1

Се дава Позитивно мислење за отпочнување постапка за добивање Согласност од МОН за отварање паралелки со продолжен престој во ООУ„ Никола Карев" Радовиш согласно поднесено барање бр.03-495/1 од 24.09.2026 година, примено бр.14-50/88 од 25.09.2026 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1291/1Совет на општина Радовиш
Дата 22.10.2026 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Решение за разрешување претставник во Училишен одбор на ООУ "Кирил и Меториј" с.Ораовица, Радовиш

Го прогласувам и објавувам Решението за разрешување претставник во Училишен одбор на ООУ "Кирил и Меториј" с.Ораовица, Радовиш, 08-1292/1

што советот на Општина Радовиш го донесе на седница одржана на 22.10.2026 година.

Број 09-1292/2 Градоначалник
Дата 22.10.2026 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), член 21 став 1 точка 28 од Статутот на општина Радовиш(Сл.весник на општина Радовиш бр.5/02) и член 106 од Законот за основното образование и другите важечки законски одредби,

Советот на Општина Радовиш на XXIV седница одржана на ден 22.10.2026 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување претставник во Училишен одбор на ООУ "Кирил и Меториј" с.Ораовица, Радовиш

член 1

Од Училишен одбор на ООУ "Кирил и Меториј" с.Ораовица, Радовиш, се разрешува:

- Горан Илиевски -претставник од основачот на училиштето- Општина Радовиш (поради истекување на мандат)

член 2

Решението влегува во сила од денот на објавување во "Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1292/1Совет на општина Радовиш
Дата 22.10.2026 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Решение за именување претставник во Училишен одбор на ООУ "Кирил и Меториј" с.Ораовица, Радовиш

Го прогласувам и објавувам Решението за именување претставник во Училишен одбор на ООУ "Кирил и Меториј" с.Ораовица, Радовиш, 08-1293/1

што советот на Општина Радовиш го донесе на седница одржана на 22.10.2026 година.

Број 09-1293/2 Градоначалник
Дата 22.10.2026 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), член 21 став 1 точка 28 од Статутот на општина Радовиш(Сл.весник на општина Радовиш бр.5/02) и член 106 и 107 од Законот за основното образование и другите важечки законски одредби,

Советот на Општина Радовиш на XXIV седница одржана на ден 22.10.2026 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за именување претставник во Училишен одбор на ООУ "Кирил и Меториј" с.Ораовица, Радовиш

член 1

За претставник на основачот во Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Кирил и Методиј" – с. Ораовица, Радовиш, се именува:

-Роберт Донев

член 2

Именуваниот од член 1 на ова решение ќе ги врши работите и задачите како претставник на основачот во Училишниот одбор, во согласност со Законот за основното образование, Статутот на училиштето и другите важечки прописи.

член 3

Решението влегува во сила од денот на објавување во "Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1293/1Совет на општина Радовиш
Дата 22.10.2026 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за давање Согласност на Годишен план за вработување за 2027 година во СОУ „Коста Сусинов" Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање Согласност на Годишен план за вработување за 2027 година во СОУ „Коста Сусинов" Радовиш, 08-1294/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 22.10.2026 година.

Број 09-1294/2 Градоначалник
Дата 22.10.2026 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Радовиш („Службен гласник на Општина Радовиш“ бр.5/02),

Советот на Општина Радовиш на XXIV седница одржана на ден 22.10.2026 година, донесе:

ОДЛУКА
за давање Согласност на Годишен план за вработување за
2027 година во СОУ ,,Коста Сусинов” Радовиш

Член 1

Се дава Согласност на Годишен план за вработување за 2027 година во СОУ ,,Коста Сусинов” Радовиш бр. 01-695/1 од 20.07.2026 година, примено бр. 08-70/46 од 25.08.2026 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во ,,Службен гласник на општина Радовиш,, а ќе почне да се применува по добивање на Согласност од Министерство за информатичко општество.

Број 08-1294/1 Совет на општина Радовиш
Дата 22.10.2026 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за давање Согласност на Годишен план за вработување за 2027 година во Општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање Согласност на Годишен план за вработување за 2027 година во Општина Радовиш, 08-1295/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 22.10.2026 година.

Број 09-1295/2 Градоначалник
Дата 22.10.2026 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XXIV седница одржана на ден 22.10.2026 година, донесе:

ОДЛУКА
за давање Согласност на Годишен план за вработување за 2027 година во Општина Радовиш

Член 1

Се дава Согласност на Годишен план за вработување за 2027 година во Општина Радовиш бр. 09-1097/1 од 27.08.2026 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во ,,Службен гласник на општина Радовиш,, а ќе почне да се применува по добивање на Согласност од Министерство за информатичко општество.

Број 08-1295/1Совет на општина Радовиш
Дата 22.10.2026 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за прифаќање донација на контејнери за комунален отпад од ДПТУ БУЧИМ ДООЕЛ Радовиш кон општина Радовиш за потребите на жителите на с.Тополница и с.Бучим, Општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за прифаќање донација на контејнери за комунален отпад од ДПТУ БУЧИМ ДООЕЛ Радовиш кон општина Радовиш за потребите на жителите на с.Тополница и с.Бучим, Општина Радовиш, 08-1296/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 22.10.2026 година.

Број 09-1296/2 Градоначалник
Дата 22.10.2026 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр. 05/02), член 21 од Статутот на општина Радовиш, а во врска со член 6 од Законот за финансирањето на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24, 37/25 и 77/26), и член 10 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14, 153/15 и 209/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22 год.),

ОДЛУКА
за прифаќање донација на контејнери за комунален отпад од ДПТУ БУЧИМ ДООЕЛ Радовиш кон општина Радовиш за потребите на жителите на с.Тополница и с.Бучим, Општина Радовиш

Член 1

Со оваа Одлука Општина Радовиш во својство на прима̀тел на донацијата ја

прифаќа донацијата од ДПТУ БУЧИМ ДООЕЛ Радовиш – 20 (дваесет) контејнери за комунален отпад, во вредност од 140.000,00 (стоичетириесетилјади) денари, 10 за потребите на жителите на с.Тополница, Месна заедница "Смаил Масуд" с.Тополница, Радовиш и 10 за потребите на жителите на с.Бучим, Месна заедница "Омер Шабан", Радовиш.

Член 2

Донацијата не создава никаква корист за давателот, ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

Член 3

Се задолжува Општина Радовиш да изготви Договор за прифаќање на донацијата со давателот на донацијата и со корисникот на донацијата, да го реализира потпишувањето на истиот, како и да ја спроведе законски утврдената постапка пред надлежните државни органи.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Радовиш".

Број 08-1296/1Совет на општина Радовиш
Дата 22.10.2026 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за определување и промена на имињата на улици,мостови и плоштади на подрачјето на село Ињево,општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за определување и промена на имињата на улици,мостови и плоштади на подрачјето на село Ињево,општина Радовиш, 08-1297/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 22.10.2026 година.

Број 09-1297/2 Градоначалник
Дата 22.10.2026 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (Сл. „Весник на Република Македонија" бр.5/02) и член 4 од Законот за определување на имињата на улици,плоштади,мостови и други инфраструктурни објекти (Сл. „Весник на Република Македонија" бр.66/2004, 55/2007, 145/2010, 136/2011, 163/2013 и 147/2015) и член 21 од Статутот на Општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XXIV седница одржана на ден 22.10.2026 година, донесе:

ОДЛУКА
за определување и промена на имињата на улици,мостови и плоштади на подрачјето на село Ињево,општина Радовиш

Член 1

Со оваа Одлука се врши определување и промена на имињата на следните инфраструктурни објекти (улици,мостови,плоштади) на подрачјето на село Ињево, Општина Радовиш:

Ред. бр	**Досегашни имиња на улиците**	**Нови имиња на улиците**
1.	Ул. У-1 Регионален пат Радовиш –Конче	Ул. Македонска
2.	Ул. У-2; Ул. У27 и крак на улица У32	Ул. Борис Трајковски
3.	Ул. У16 и крак на ул. У44	Ул. Киро Глигоров
4.	Ул.У6 и крак на ул. У30	Ул.Илинденска
5.	Ул. У7; и крак на ул.У31 и ул. У39	Ул.Скопска
6.	Ул. У8	Ул.Ристо Шишков
7.	Ул. У19 и ул. У9	Ул.Ацо Караманов
8.	Ул. У18	Ул.Јане Сандански
9.	Ул. У5; и краците У36, У37 и У41	Ул.Гоце Делчев
10.	Ул.У4; ул.У3; и крак ул.44; и ул.46	Ул.Тодор Проески-Тоше
11.	Ул.У20 и крак ул.У43	Ул.Проф.д-р Стојан Здравев
12.	Ул.У10; ул.У11 и ул.У21	Ул.Панко Брашнаров
13.	Ул.У15; ул.У17 и крак ул.У45	Ул.Трајчо Атанасов-Коската
14.	Ул. У38	Ул.Штипска
15.	Ул.У22	Ул.Славко Јаневски
16.	Ул.У12	Ул.Ѓорче Петров
17.	Ул.У13; ул.У14; ул.42; ул.У33	Ул.Методија Андонов-Ченто
18.	Ул.У24 и ул.У25	Ул.Виенска
19.	Ул.У23	Ул.Никола Тесла
20.	Ул. У26 и крак ул.У40	Ул.Питу Гули
21.	Ул.У28	Ул.6-ти Ноември
22.	Ул.У34	Ул.1-ви Мај
23.	Ул. У35 и ул.У29	Ул.Охридска

Член 2

Се задолжува Градоначалникот на Општина Радовиш да ги преземе потребните активности за реализација на оваа Одлука.

Член 3

Оваа Одлука влегува на сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Радовиш “.

Број 08-1297/1Совет на општина Радовиш
Дата 22.10.2026 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за определување на крајбрежен појас на нерегулиран водотек - суводолица , во Радовиш, Општина Радовиш, опфатен надвор од ГУП на Радовиш, КО Радовиш вгр, Општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за определување на крајбрежен појас на нерегулиран водотек - суводолица , во Радовиш, Општина Радовиш, опфатен надвор од ГУП на Радовиш, КО Радовиш вгр, Општина Радовиш, 08-1298/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 22.10.2026 година.

Број 09-1298/2 Градоначалник
Дата 22.10.2026 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш и член 131 став 2 точка 3 од Законот за водите (Сл. Весник на РМ бр.87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013 и 163/2013)

Советот на Општина Радовиш на XXIV седница одржана на ден 22.10.2026 година, донесе:

ОДЛУКА
за определување на крајбрежен појас на нерегулиран водотек - суводолица , во Радовиш, Општина Радовиш, опфатен надвор од ГУП на Радовиш, КО Радовиш вгр, Општина Радовиш

Член 1

Со оваа Одлука се определува ширината на крајбрежниот појас на водотекот: Нерегулиран - суводолица, во град Радовиш, Општина Радовиш, опфатен надвор од ГУП за град Радовиш, КО Радовиш вон гр, од стационажа Т1, 0+000.00, до Т2, 0+163.00, дефинирана со координати од **Т1 x-4612377,40; y-7621479,70 до Т2 x-4612333,80; y-7621635,68,** во должина од **163,00м.** Согласно – ХС -122/2026

Член 2

Ширината на крајбрежниот појас на нерегулиран - суводолица опфатен надвор од ГУП за град Радовиш, КО Радовиш вон гр, во општина Радовиш, од крајната линија на регулацијата на речното корито ќе изнесува најмалку 3,0 метри.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е графичкиот прилог Прегледна ситуација во размер 1:1000 и 1:2500, и геодетски координати за опфатот.

Член 4

Одлуката ќе влезе во сила со денот на донесување од Советот на Општина Радовиш, а по претходна добиена согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Член 5

Со денот на донесувањето Одлуката ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Радовиш.

Број 08-1298/1Совет на општина Радовиш
Дата 22.10.2026 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за определување на крајбрежен појас на нерегулиран водотек - суводолица , во Радовиш, Општина

Радовиш, опфатен во ДУП и ГУП на Радовиш, КО Радовиш, Општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за определување на крајбрежен појас на нерегулиран водотек - суводолица , во Радовиш, Општина Радовиш, опфатен во ДУП и ГУП на Радовиш, КО Радовиш, Општина Радовиш, 08-1299/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 22.10.2026 година.

Број 09-1299/2 Градоначалник
Дата 22.10.2026 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш и член 131 став 2 точка 3 од Законот за водите (Сл. Весник на РМ бр.87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013 и 163/2013)

Советот на Општина Радовиш на XXIV седница одржана на ден 22.10.2026 година, донесе:

ОДЛУКА
за определување на крајбрежен појас на нерегулиран водотек - суводолица , во Радовиш, Општина Радовиш, опфатен во ДУП и ГУП на Радовиш, КО Радовиш, Општина Радовиш

Член 1

Со оваа Одлука се определува ширината на крајбрежниот појас на нерегулиран водотекот: - суводолица, во град Радовиш, Општина Радовиш, опфатен во ДУП и ГУП за град Радовиш, КО Радовиш, од стационажа Т1, 0+000.00, до Т2, 0+143.00, дефинирана со координати од **Т1 x-4612333,80; y-7621635,68 до Т2 x-4612356,84; y-7621764,54,** во должина од **143,00м.** Согласно - ХС 123/2026.

Член 2

Ширината на крајбрежниот појас на нерегулиран - суводолица опфатен во ДУП и ГУП за град Радовиш, КО Радовиш, во општина Радовиш, од крајната линија на регулацијата на речното корито ќе изнесува најмалку 3,0 метри.

Член 3

Составен дел на оваа Предлог Одлука е графичкиот прилог Прегледна ситуација во размер 1:2500, и геодетски координати за опфатот.

Член 4

Одлуката ќе влезе во сила со денот на донесување од Советот на Општина Радовиш, а по претходна добиена согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Член 5

Со денот на донесувањето Одлуката ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Радовиш.

Број 08-1299/1Совет на општина Радовиш
Дата 22.10.2026 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за позитивно мислење на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на две градежни парцели од ГП15.1.24 со намена А1 - Домување во станбени куќи по ДУП УБ 15 Дел УМ 1, општина Радовиш (одлука бр. 08-1118/1 од 12.08.2021) на КП 2098/3 и дел од КП 2098/8 КО Радовиш-вонград, општина Радовиш, со површина на плански опфат на градежна парцела од 818,0м^2, изработен од Друштво за градежништво, трговија и инженеринг увоз-извоз ДОМИНГ ЈТД, со тех.број. 010/2026-У од 07.2026г.

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за позитивно мислење на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на две градежни парцели од ГП15.1.24 со намена А1 - Домување во станбени куќи по ДУП УБ 15 Дел УМ 1, општина Радовиш (одлука бр. 08-1118/1 од 12.08.2021) на КП 2098/3 и дел од КП 2098/8 КО Радовиш-вонград, општина Радовиш, со површина на плански опфат на градежна парцела од 818,0м^2, изработен од Друштво за градежништво, трговија и инженеринг увоз-извоз ДОМИНГ ЈТД, со тех.број. 010/2026-У од 07.2026г., 08-1300/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 22.10.2026 година.

Број 09-1300/2 Градоначалник
Дата 22.10.2026 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на чл.62, чл.63 и чл.65 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.32/20), Правилник за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.225/20), чл.22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр.5/02) и чл.21 став 1 точка 43 од Статут на Општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XXIV седница одржана на ден 22.10.2026 година, донесе:

ОДЛУКА
за позитивно мислење на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на две градежни парцели од ГП15.1.24 со намена А1 - Домување во станбени куќи по ДУП УБ 15 Дел УМ 1, општина Радовиш (одлука бр. 08-1118/1 од 12.08.2021) на КП 2098/3 и дел од КП 2098/8 КО Радовиш-вонград, општина Радовиш, со површина на плански опфат на градежна парцела од 818,0м^2, изработен од Друштво за градежништво, трговија и инженеринг увоз-извоз ДОМИНГ ЈТД, со тех.број. 010/2026-У од 07.2026г.

Член 1

Оваа одлука се дава за позитивно мислење на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на две градежни парцели од ГП15.1.24 со намена А1 - Домување во станбени куќи по ДУП УБ 15 Дел УМ 1, општина Радовиш (одлука бр. 08-1118/1 од 12.08.2021) на КП 2098/3 и дел од КП 2098/8 КО Радовиш-вонград, општина Радовиш, како и согласно потребите на инвеститорите, од имотно правните односи, се врши парцелација на две градежни парцели, и промена на граница на градежни парцели, усогласување, формирање на градежните парцели, согласно сопствениста на катастарски парцели, каде се задоволуваат потребите за функционалност. Површина на

плански опфат на градежна парцела е од 818,0м^2 Намена на градба: А1, со компатибилни класи на намени Б1. Урбанистички проект е изработен од Друштво за градежништво, трговија и инженеринг увоз-извоз ДОМИНГ ЈТД, со тех.број. 010/2026-У од 07.2026г., како што е означено во графичките прилози коишто се составен дел на оваа одлука.

Член 2

Одлуката за позитивно мислење на Урбанистички проект се прикачува во електронска форма во информацискиот систем Е – Урбанизам, од страна на донесувачот на урбанистичкиот план. По спроведување на наведеното, донесениот урбанистички план станува составен дел на електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамките на информацискиот систем Е – Урбанизам, кон кој пристап имаат донесувачот на урбанистичкиот план, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, Агенцијата за планирање на просторот и Агенцијата за катастар на недвижности.

Член 3

Донесувачот на урбанистичкиот проект е должен примерок од донесениот урбанистички проект во електронска форма да го објави на својата веб страна.

Член 4

Донесениот урбанистички проект ќе се применува по исполнувањето на условите во согласност со законот.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Радовиш“.

Број 08-1300/1Совет на општина Радовиш
Дата 22.10.2026 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на
Измена и дополнување на
Програма за Јавна чистота на општина
Радовиш за 2026 година

Ја прогласувам и објавувам Измената и дополнувањето на Програма за Јавна чистота на општина Радовиш за 2026 година, 08-1301/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 22.10.2026 година.

Број 09-1301/2 Градоначалник
Дата 22.10.2026 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) а согласно член 21 став 1 точка 13 од Статутот на општина Радовиш и член 12 од Законот за јавна чистота(„Службен весник на РМ“ бр.111/08, 64/09, 88/10, 23/11, 53/11,

80/12, 163/13, 44/15, 147/15, 31/16, 122/21),

Советот на Општина Радовиш на XXIV седница одржана на ден 22.10.2026 година, донесе:

Програма
за измена и дополнување на Програма за Јавна чистота на општина Радовиш за 2026 година

Во програмата за јавна чистота се додава нова точка:

Одржување на јавни тоалети			
Ред.бр.	**Опис**	**Број на тоалети**	**Број на циклуси**
1.	**На ул.Блаже Коневски**	**1**	**270**
2.	**На ул.Партизанска**	**1**	**270**

Програмата влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш”

Број 08-1301/1Совет на општина Радовиш
Дата 22.10.2026 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за јавно осветлување за 2026 година во општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Програмата за измена и дополнување на Програма за јавно осветлување за 2026 година во општина Радовиш, 08-1302/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 22.10.2026 година.

Број 09-1302/2 Градоначалник
Дата 22.10.2026 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),а согласно член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XXIV седница одржана на ден 22.10.2026 година, донесе:

П Р О Г Р А М А

ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА 2026 ГОДИНА ВО ОПШТИНА РАДОВИШ БРОЈ 08-1574/2 ОД 24.12.2025 год.

I. Програмата за јавно осветлување за 2026 година се зголемува за 1.000.000 денари во точка 4 Новогодишно украсување.

Во прилог е пречистената табела :

Од остварениот приход ќе се финансира:		Износ / денари	Износ / денари со Прва измена	Износ / денари со Втора измена	Износ / денари со Трета измена	Износ / денари со Четврта измена
1	Потрошена електрична енергија	10.000.000,00	- 2.000.000,00		- 1.000.000,00	
2	Потрошена електрична енергија (трансфери на ЈПССО)	800.000,00		+ 992.000,00		
3	Одржување и проширување на уличното осветлување	1.000.000,00				
4	Новогодишно украсување				+1.500.000,00	+1.000.000,0
	ВКУПНО :	**11.800.000,00**	**9.800.000,00**	**10.792.000,00**	**11.292.000,00**	**12.292.000,0**

II. Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш”

Број 08-1302/1
Дата 22.10.2026 година
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Гоце Дединец

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СОВЕТ НА ОПШТИНАТА

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на измена на Годишна Програма за измена и дополнување за изработка на урбанистички планови на општина Радовиш за 2026 година

Ја прогласувам и објавувам измената на Годишна Програма за измена и дополнување за изработка на урбанистички планови на општина Радовиш за 2026 година, 08-1303/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 22.10.2026 година.

Број 09-1303/2 Градоначалник
Дата 22.10.2026 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 20 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.в. на Р.М.“ бр.32/20), член 36, став 1, точка 43 од Законот за локална самоуправа („Сл.в. на Р.М.“ бр.05/02) и член 21 точка1 и точка15 од Статутот на општина Радовиш

Советот на Општина Радовиш на XXIV седница одржана на ден 22.10.2026 година, донесе:

ГОДИШНА ПРОГРАМА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА РАДОВИШ ЗА 2026 ГОДИНА

Вовед

Годишна Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Радовиш за 2026г. претставува основа за изработка, донесување и спроведување на урбанистички планови од член1, став(1), точки 1,2,3,4 од Законот за урбанистичко планирање, каде како видови се наведени генерален урбанистички план, детални урбанистички планови, урбанистички планови за село, урбанистички планови за вон населено место , сите како планови од локално значење, како и урбанистички проекти од член 58 од законот, со цел да се обезбеди уредување и хуманизација на просторот. Годишата програма претставува дел од задолжителната документација при поднесување барање за согласност од Министерството за транспорт и врски како надлежен орган за истото.

Урбанистичко планирање

- Генерален урбанистички план .
- Услуги од катастар и
- Услови за планирање на просторот
- Детални Урбанистички планови, Урбанистички планови за села и Урбанистички проекти
- Програми за поставување на урбана опрема и времени објекти

Урбанистичко планирање
Вкупно **603.000.00 ден.**

Генерален урбанистички план на град Радовиш

Р.Бр.			
1.	Изработка и донесување на нов Генерален урбанистички план за град Радовиш		

Р.Бр.		
1.	Трошоци за услуги од катастар	
2.	Услови за планирање на просторот	

